РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 02-4430/2
19.10.2025 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 10 став 1 и став 6 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-3632/1 од 22.8.2025 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на четиринаесеттата седница одржана на 19.10.2025 година, во врска со Предлогот Уп1 бр.10-4431/2 од 18.10.2025 година за поведување прекршочна постапка пред надлежниот суд против Трговското Радиодифузно Друштво Компани 21-М ДООЕЛ Скопје, за прекршување на изборниот молк – Локални избори 2025, го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К

1. Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен надзор (мониторинг) над изборното медиумско претставување, бр.10-4431/1 од 18.10.2025 година на ТРД Компани 21-М ДООЕЛ Скопје и поради прекршување на член 76-б став 3 од Изборниот законик заклучи да се покрене прекршочна постапка пред надлежен суд против ТРД Компани 21-М ДООЕЛ Скопје.

2. Спротивно на членот 76-б став 3, а во врска со член 69-а став 2 од Изборниот законик, ТРД Компани 21-М ДООЕЛ Скопје, на 18 октомври 2025 година, за време на изборниот молк за првиот круг од изборната кампања за Локалните избори 2025 година, емитуваше реприза на посебната информативна програма Клик плус-изборни дебати, премиерно емитувана на 17.10.2025, реализирана како дебата во која учествуваат тројца кандидати за градоначалник на Општина Центар, односно емитуваше информации и аудиовизуелни материјали во кои учествуваат учесници во изборите.

3. Се задолжува Секторот за правни работи и јавни набавки да го изготви барањето за поведување прекршочна постапка пред надлежниот суд против Трговското Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21- М ДООЕЛ Скопје.

4. Примерок од Заклучокот да се достави до:

- Раководителите на сите сектори во Агенцијата;
- Назначено лице од Агенцијата, за водење на предмети по управна постапка;
- Одделение за поддршка на работата на Советот на Агенцијата;
- Секторот за информатичка поддршка и општи работи – архива на Агенцијата.

Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги
претседател на Советот,

м-р Сашо Стефановски